## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МАЛОЛЕТНИЧКО КАЗНЕНО ПРАВО - ПРАКТИКУМ" ОД НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЛАЗАР НАНЕВ И ДОЦЕНТ Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1102-79/3 од 160. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 8.5.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– академик Владо Камбовски, Македонска академија на науките и уметностите и редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
– проф. д-р Гордана Лажетиќ, редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МАЛОЛЕТНИЧКО КАЗНЕНО ПРАВО - ПРАКТИКУМ**" од **авторите Лазар Нанев и Олга Кошевалиска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** учебното помагало „Малолетничко казнено право – практикум" по предметот Малолетничко казнено право, наменето за студентите на правни студии во VIII семестар на модул Казнено право, со неделен фонд на часови 3+2+1 со 8 ЕКТС, е во согласност со наставната програма по овој предмет и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменета.

**Податоци за обемот ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на практикум по предметот Малолетничко казнено право, е претставен на вкупно 60 страници и содржи вкупно 16 обрасци за изрекување на сите видови на санкции коишто можат да се изречат спрема деца. Материјалот е пишуван во А4 формат, со нормален проред. Употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, која е во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Ракописот по обемот и содржината ги задоволува критериумите за практикум и кореспондира со бројот на часови на предметот Малолетничко казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум или друго учебно помагало што обработува иста содржина досега не е објавен на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е конципиран согласно со одредбите на Законот за правда за децата кои во себе содржат процесни одредби за изрекување на санкции спрема деца. Обрасците коишто се формулирани во практикумот се листирани на начин што прво се дадени обрасците за најлесните санкции, а тоа се воспитните мерки и тоа исто срочени од најлесна до најтешка воспитна мерка, потоа следуваат обрасците за казните, алтернативните мерки и на крај за мерките на безбедност.

Првиот образец се однесува на изрекување на дисциплинската мерка Укор, која може да се изрече на деца над 14 години кои сториле дејствие кое со закон е пропишано како кривично дело.

Вториот и третиот образец се однесуваат на дисциплинската мерка Упатување во центар за деца, и тоа упатување во времетраење од по неколку часа непрекинато во текот на денот во празнични денови и тоа четири празнични денови едно по друго односно во третиот, од по неколку часа непрекинато во текот на денот и тоа во времетраење од 30 дена. Ваквото упатување се изрекува кога судот смета дека се потребни краткотрајни мерки за да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето.

Четвртиот образец се однесува на упатување во центар за деца на непрекинат престој во времетраење од 20 дена. Ваквата мерка судот може да ја изрече кога ќе најде дека е потребно со соодвен воспитен третман применет во специјализиран центар за воспитување на деца да се изврши влијание врз личноста и поведението на детето. При ова треба судот да смета дека преку ваков институционализиран третман којшто подразбира ограничување на слободата на детето и негов непрекинат престај во центарот во траење од 20 дена, реално може да се очекува превоспитно да влијае на детето и да има за цел јакнење на неговата самосвест за штетноста и забранетоста на определени постапки и соочување со можноста за изрекување на потешки санкции во случај на нивно повторување.

Петтиот, шестиот и седмиот образец се однесуваат на мерките на засилен надзор. Процесните решенија во овој дел се решение за изрекување на засилен надзор од страна на родител или старател, засилен надзор од страна на згрижувачко семејство или засилен надзор од страна на Центарот за социјални работи. Последната мерка на засилен надзор се изрекува кога судот земајќи го предвид степенот на опасност и деструктивноста на преземените дејствија ќе оцени дека е потребен одреден временски период детето да биде советувано и третирано од страна на стручен тим при ЦСР, со цел да му се дадат одредени информации за начините на справување со деликвентното однесување, а со родителите да работи на подрачјето на подигнување на нивото на родителски авторитет и зголемување на контролата.

Осмиот и деветтиот образец се однесуваат на процесното решение за изрекување на заводски мерки и тоа – Заводска мерка Упатување во воспитно-поправен дом - Тетово или заводска мерка Упатување во воспитно-поправна установа „Ранка Милановиќ“ – Скопје.

Десеттиот образец е образец за пресуда, која единствено може да се донесе кога на детето му се изрекува казна затвор. Единаесеттиот образец се однесува на изрекувањето на парична казна и тоа по систем на глоби, како што е предвидено во Кривичниот законик на РМ. Понатаму следи образец за протерување на странец од земјата – казна која се изрекува спрема дете кое нема македонско државјанство. Тринаесеттиот образец е пресуда за изрекување на условна осуда со заштитен надзор со која на детето му се утврдува казна затвор во определено времетраење, при што истовремено судот определува дека таа нема да се изврши ако за определен временски период, точно утврден со пресудата, детето не стории ново кривично дело. Заштитниот надзор се состои во тоа што, врз основа на чл.44 ст.1 од Законот за правда за децата, спрема детето се изрекуваат посебни обврски кон кои детето е должно да се придржува во времето за проверување.

Последните три обрасци се решенија за изрекување на мерки на безбедност и тоа мерка Задолжително лекување и чување во здравствена установа која може да се изрече спрема непресметливи сторители на кривични дела, понатаму, образец за изрекување на мерка безбедност – Задолжително психијатриско лекување на слобода која може да се изрече на сторители чија пресметливост битно била намалена во време на извршување на кривичното дело и мерка Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани.

**ЗАКЛУЧОК**

Материјата обработена во ракописот со наслов „Малолетничко казнено право - практикум" од проф. д-р Лазар Нанев и доц. д-р Олга Кошевалиска ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Малолетничко казнено право за студентите на прв циклус правни студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Обрасците се елаборирани системски и прегледно, што е основен предуслов студентите да можат да се обучат и да ја разберат суштината на санкционирањето на децата кога ќе се јават како сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела. Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди за публикување, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во совладувањето на овој предмет.

Поради тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Малолетничко казнено право - практикум" од проф. д-р Лазар Нанев и доц. д-р Олга Кошевалиска да биде издаден како практикум за студентите на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Академик д-р Владо Камбовски, редовен професор, с.р.**
**Д-р Гордана Лажетиќ, редовен профсор, с.р.**